ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2

Бр. 02-2947/7

07-04-2023

Врз основа на член 490 од Законот за трговски друштва и член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 7.4.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)

**Член 1**

Да се исплати дивидендата во бруто-износ од 60.828.496 денари.

Дивидендата за 2022 година ќе се исплаќа во акции преку издавање емисија на акции по пат на приватна понуда наменета за акционерите, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина, а дел во пари (на трансакциски сметки на акционерите).

Банката, во согласност со важечката регулатива, од бруто-износот на дивидендата:

а) при исплата на физичките лица ќе задржи и ќе уплати данок на личен доход,
б) при исплата на правните лица ќе задржи и ќе уплати данок по задршка каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2022 година, акционерите ќе бидат известени преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

**Член 2**

Висината на бруто-дивиденда по акција ќе изнесува 67,00 денари, односно 6,7 % од номиналната вредност на акциите којашто изнесува 1.000 денари.

**Член 3**

Собранието на акционери на ТТК БАНКА АД Скопје ќе се одржи на 7.4.2023 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2022 година е 5.4.2023 година.

**Член 4**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 3.4.2023 година, односно право на дивиденда ќе имаат акционерите регистрирани во акционерската книга на 5.4.2023 година.

**Член 5**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 4.4.2023 година.

**Член 6**

Издадените акциите од новата емисија на акционерите ќе им бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по усвојувањето на одлуката од Собрание на акционери на Банката и добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела.

Исплатата на дивидендата за 2022 година во пари (на трансакциски сметки на акционерите) ќе се изврши по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија и по уписот на новата емисија на акции во Централниот депозитар за хартии од вредност, а најдоцна до 30.9.2023 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на**
**ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**
**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА 2 СКОПЈЕ